# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јули 2001 година

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 12,50 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Звонко Мирчески, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Продолжуваме со работа по Седумдесет и осмата седница на Собранието на Република Македонија.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Констатирам дека имаме кворум за работа.

Почитувани колеги пратеници,

Сакам да ве известам дека има барање од пратеничката група на ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција, денес да работиме до 18 часот.

Јас ве молам да го уважите ова барање.

Истовремено ве известувам дека од почетокот на продолжението на Седумдесет и осмата седница, ќе направиме пауза од пола час за ручок. Затоа предлагам да работиме ефективно.

Во однос на евентуално продолжување на седницата во текот на утрешниот ден, дополнително ќе бидете известени. Сега за сега немам сознание околу тоа. Инаку паузата ќе биде во 15,30 часот.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието на Република Македонија и Собранието ќе може поноважно да одлучува.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот за изменување и дополнување на Буџетот на Република Македониј за 2001 година.

Отворам претрес по амандманот на член 2, ставка 721, потставка 7212, поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Само 60 пратеници гласале. Очигледно некој не гласал.

Ги молам службите да го уклучат уште еднаш системот за да можеме да го повториме гласањето.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2, ставка 721 потставка 7212, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 721 потставка 7213, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ;**

Овој амандман не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Претставникот на Владата кажа дека не се прифаќа овој амандман.

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи во самото образложение на амандманот, како пратеничка група бараме образложение од господинот министер за финансии, за нашиот предлог, бидејќи со сите овие амандмани интервенираме на приходната страна и сакаме да бидат усвоени некои од амандманите што ќе ги предложиме понатаму. Навистина барам образложение за ставката кај која интервенираме во страната на приходи, односно други приходи од имот, се заменува со поголем износ. Тоа го има и кај самиот министер. И со оглед на тоа што во 2000 година, поради приходите од овој вид на данок кои се собрани се во износ сличен на нашиот што го предлагаме, а со оглед на тоа што во оваа година се реформите на јавната администрација и тие ќе ги зголемат приходите од имотот, ние сметаме дека оваа проекција што ја предлагаме како пратеничка група, е

реална. Затоа бараме образложение од министерот за финансии.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам господине Стојменов.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Констатирам дека немаме доволен број на пратеници во салата.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници имаме во салата.

Во салата се присутни 62 пратеника.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 721 потставка 7213, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандманот на член 2 ставка 731 потставка 7311, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Го молам претставникот на Владата да се изјасни.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Овој амандман Владата не го прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Бидејќи Владата непримерно се однесува и реши со молчење да се брани по нашите амандмани, за што интервенираме бидејкки не одговори на ниедно наше прашање, и во уводните дискусии и во конкретните прашања по амандманите, ние го прифаќаме тоа нејзино молчење како негирање на Парламентот и на пратениците и не очекуваме веќе одговори од нив со аргументи и нема да ги прифаќаме таквите одговори, бидејќи очигледно тие немаат аргументи за ситуацијата. Едноставно молчат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодартам на господинот Златко Стојменов.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не барта збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Моланм да гласаме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 2 ставка 731 потставка 7311, поднесен од пратеникот Ненад Ристевски.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за транспорт и врски, за додавање нов проект 018-а, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот од Министерството за транспорт и врски за додавање нов проект 018-а, поднесен од пратеникот Алија Шахиќ.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт, на проектот 059, за менување на колоните 4,5,6,7 и 8, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

За збор се јави пратеникот Горанчо Трајковски.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, членови на Влада, почитувани колеги, јас би сакал да дадам само едно кратко објаснување. Имено со овој амандман не се менува крајната сума на пари што се одобрува на Агенцијата за млади и спорт, туку се врши само распоредување на средствата за три спортски сали .

Јас на кратко би сакал да кажам за спортската сала во Виница.

Доколку биде прифатен овој амандман со оваа сума на пари салата ќе биде изградена. Инаку да потсетам дека оваа спортска сала е започната пред за

малку 30 години и сеуште не е завршена. До колку биде прифатен амандманот истата ќе биде завршена и пуштена во употреба. Затоа барам колегите да го поддржат овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ.**

Дали некој друг бара збор?

**ЖАРКО КАРАЏОСКИ:**

Почитуван потпретседателе, јас веднаш ќе кажам дека амандманот нема да го прифатам, а предлагам и другите пратеници да не го прифатат амандманот, бидејќи со изградба на салата во Виница се одземаат средства за изградба на салата во Прилеп. Јас имам такви сознанија дека се одземаат. Од тој аспект со оглед и на Прилеп му треба таква сала, јас не сум спремен да го поддржам амандманот и апелирам да не биде усвоен.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**АМДИ БАЈРАМ:**

Господине потпретседателе, во предизборната кампања ветивме дека многу сали во многу градови од Републиката ќе се градат. Каде се тие 85 спортски сали. Ветено е тоа. Каде се?

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Амди Бајрам. За збор се јавува пратеникот Кирил Настески.

**КИРИЛ НАСТЕСКИ:**

Господине потпретседателе.,

Во однос на амдндманот, да не стане некоја забуна, ова е корекција, еве долу пишува дека е повлечен првобитниот амандман кој некои колеги го дискутираа и сметам дека ја одразува правата потреба на завршување на спортските сали, барем во Прилеп и во Виница, а за останатите немам сознание. Меќутоа, најверојатно Агенцијата за млади и спорт ги знае точно тие математики и овој амандман сметам дека би требало да се усвои во една ваква состојба, бидејќи, да кажам, за спортската сала во Прилеп вложени се досега средства и по принцип на самопридонес, во висина од 8 милиони ДЕМ. Практично за една мала сума треба да се доврши оној дел кој беше опожарен и спортската сала после десетина години треба да се активира и да се користи. Тоа ќе биде од корист и за спортот и за младите.

Според тоа мислам дека пратениците треба да гласаат за овој амандман, бидејќи навистина два објекти, веројатно и третиот ќе бидат заокружени.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Кирил Настески.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Молам да гласаме.

Од 67 пратеници, за гласале 37 пратеници, воздржани 13 и против 17.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на дел од проектите на делот од Агенцијата за млади и спорт, на проектот 059 за менување на колоните 4,5,6,7 и 8, поднесен од пратеникот Горанчо Трајков.

Збор побара пратеникот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Господине потпретседателе, се сомневам во гласањето и барам поединечно гласање.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ;**

Дали пратеникот Горанчо Трајков има поддршка од 10 пратеници?

Констатирам дека има.

Пред да одиме на поединечно гласање, предлагам да му дадеме збор на пратеникот Никола Поповски кој бара деловничка интервенција.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Господине потпретседателе ви благодарам што ми овозможивте да се јавам за збор. Можеби малку ќе излезе од деловничкото, меѓутоа ќе биде во врска со процедурата.

Токму гласањето по овој амандман сега и ова што се бара да се изјаснува Парламентот поединечно во врска со поднесен амандман кој навлегува во сферата на распределба на средствата од ТЕЛЕКОМ.Затоа каде и со колку големи средства, со кое ниво ќе се учествува во изградба или во реконструкција на спортски сали, јас би сакал како пратеник, не како пратеник, не како координатор и во име на пратеничката група, како пратеник да се осврнам до министерот и до колегите пратеници со една или две минути само.

Почитувани колеги, почитуван министре, Сите сме свесни во кој правец се движи општиот развој на настаните во Република Македонија. овој Предлог буџет како што е вака доставен до

Собранието, имајќи го предвид и анексот, сега формално не знам како да го наречам од околу 150 милиони марки за распределба на средства од ТЕЛЕКОМОТ, е правен во една друга ситуација и проектиран во една сосема друга ситуација од денешната. Имам предвид дека и денешната ситуација се развива во таков правец што е повеќе неизвесна отколку извесна.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ**: (продолжение)

Мислам дека и Парламентот и Владата се доведуваме во една исклучително смешна и исклучително несериозна ситуација кога средства од 150-тина милиони марки,200, во услови во кои постоиме и во услови во кои можеме да се доведеме многу брзо во државата, се расправаме дали да ги делиме за некое патче,за некоја чешма, за некоја спортска сала итн. Со тоа не само што мислам дека имаме проблем генерално како политичка ситуација која ние од парламентот треба да ја следиме и да знаеме што ке правиме со неа на предлог на Владата, туку мислам дека и пратениците во парламентот се доведуваме во една ситуација како ноеви со главата во песок да сме вовлечени во процедура во која мора да се изјаснуваме за стотина амандмани кои се толку депласирани, да делуваме смешно. Јас како пратеник имајќи го во предвид вкупниот ангажман на Владата и на министерството за финансии кои искрено ги почитувам, да не бидам погрешно сватен, кои се наоѓаат исто така во ислучително тешка ситуаицја во овие времиња и кои исто така, мораат да ги гледаат и своите формални обврски, меѓутоа, мораат да гледаат и малку понапред. Мислам дека би било многу сходно целиот анекс со средствата од телекомот да се повлече, г-дине потпретседателе, и господине министре, а се обраќам и на пратениците и нас овде да ни се достави една малку поинаква генерална распределба на средствата, отколку оваа која е правена за некои други времиња. Јас би бил среќен доколку Владата па и Министерството, не како Министерство за финансии туку како претставник на Владата во овој момент пред нас пратениците предложи анекс за средствата од Телеком кои исклучително, или барем во огромен дел ќе бидат насочени кон создавање на стокови резерви на Република Македонија вон од годишните планови кои се прават во нормални времиња, средства кои малку повеќе во стоковите резерви и во здравството ќе натрупаат лекови и материјали итн., средства кои малку ке имаат допир со актуелната ситуација и со развојот на настаните, или ако ништо друго барем да се замрзне во моментов ваквата распределба која може да се сруши многу брзо за нас како Собрание да настане, се извинувам на зборот што ќе ги употребам, не криминална во буквална смисла, туку криминално распределување на овие средства во ваква ситуација.Мислам дека сите треба денеска да размислиме дали треба да влегуваме и понатаму во процедура за спортската сала во Прилеп или Тетово или Виница и за патот, еве да употребам во Кисела Вода од каде што јас потекнувам, или треба малку да размислиме дали овие средства треба порационално да ги пренасочиме и да видиме тоа што сега и не мора усмено да се образложува овде каде се треба да се алоцираат, имајќи го предвид и вкупниот ребаланс на Буџетот и плус во овој правец.Мислам дека јас како пратеник не сакам да се доведувам во позиција за амандман кои се поттикнати од една ситуаицја *со* програмата за распределба на на Телекомот која не одговара на актуелната ситуација.Не го повикувам министерот, тој си има свои задолженија на оваа седница, меѓутоа ги повикувам и пратениците и Владата на Република Македонија да го повлечат анексот за Телеком, да го завршиме целиот дел на Буџетот што е без анексот, тие амандмани што не се однесуваат на тој анекс, а да побараме Владата малку на поинаков начин да разгледа каде треба да одат овие средства. Како се развиваат настаните Република Македонија може да влезе во многу ембарга, во многу непријатни ситуации *со* многу потреб ни раобти кои апсолутно не се од доменот на ова што овде е напишано. Јас ги разбирам и потребите за локалните проблеми, ние сите ги претставуваме тие локални проблеми и потребите да се поттикне инвестиционата активност во Република Македонија од ваков вид итн. Меѓутоа, мисла дека малку повеќе разбирање треба да имаме дека нешто друго може да биде многу поклучно и многу попотребно за оваа држава во наредниве месеци. И за да не бидеме лоши прогнозери, во најмала рака би требало да бидеме претпазливи, а тоа значи да не ги распределуваме средствата на начин кој може да биде многу брзо сосема несоодветен на она што се случува во Република Македонија. И затоа би апелирал со целото мое незнаење, затоа што не сум член на Владата, меѓутоа можеме како пратеници, како членови на политички партии, како граѓани кои ја следат работата

во државава преку медиумите да насетиме дека нешто се случува да ние овде изигравме ноеви. Мислам дека би било добро министерот, не како министер за финансии, меѓутоа како претстанвик на Владата и Владата да ни даде уште еднаш образложение дека во овој момент овие средства треба да се делат вака. Мислам дека би било подобро барем минимум да не се поделат сега, а многу брзо овој анекс да го видиме во едно поинакво светло зависно од развојот на настаните. Инаку се доведуваме во многу смешна ситуација.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Јас мислам дека ова Собрание ќе си ја задржи својата функција и своето влијание. Сепак, јас мислам дека вие пратениците треба да се изјасните за сите овие проекти.

Има збор министерот за финансии г-динот Никола Груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас уште еднаш почитувани пратеници би сакал да го изразам значењето на овој ребаланс, како прво заради финансирање на безбедноста на земјата, за што не мислам дека вие спорите, негово побрзо донесување е исклучително важно. Тука има купишта амандмани за кои што навистина не сакам да ги коментирам и веројатно поголем дел од нив нема да ги коментирам. Очигледно е дека се поднесени веројатно да се изгуби време итн., за да се добијат некои политички поени дека некој се бори за нешто во парламентот, па да кажат кога ќе отидат некаде, еве ние се обидовме, ама не успеавме итн., што е дел од една политичка борба и може некако да се разбере. Меѓутоа, значењето на овој ребаланс е огромно затоа што Буџетот на Министерството за одбрана, сегашниот буџет, не ребалансиран и за МВР полека се трошат и уште малку ќе бидат завршени и ќе немаме можност да ги финансираме. Така што јас прво би апелирал за побрзо донесување и да не си поставуваме ограничување до 15,00 часот, до 17, до 18,00 часот итн. Еве, гледам дека секоја седница некоја пратеничка група бара пролонгирање јас ве предупредувам дека парламентот со недонесување на ребалансот може да го блокира финансирањето на националната безбедност на земјата.

Во однос на она што го кажа г-динот Поповски, јас потполно ја разбирам неговата идеја и неговите размислувања, меѓутоа, и тој е економист веројатно и тој ќе го разбере ова, што сега ќе го кажам. Ние неодамна направивме макро економска рамка и монетарна рамка со престанвиците на меѓународниот монетарен фонд која што рамка е така направена и така конципирана да до крајот на годината да имаме еден амбиент на стабилност, онолку колку што може во услови на војна. во таа рамка е предвидено колку ќе биде инфлацијата, колку ќе биде бруто домашниот производ за што зборував тука кога имав свое излагање. Овие проекти, овие инвестиции се дел од една таква рамка. Доколку ние ги исклучиме, сосема е извесно дека нивното вклучување е малку веројатно до крајот на оваа година, затоа што сега доаѓаат годишни одмори, на есен не се знае дали ке продолжат сегашните борби, или пак ќе има подготовка за избори. И во двата случаи парламентот тешко дека ќе најде време и начин да дискутира за нив, а прашање е и Владата земеме колку ќе успее повторно да се договори кога ќе во обзир дека за овие проекти три месеци се договараше. И сакам да потенцирам дека тешко можам да прифатам некои амандмани, затоа што овој материјал е најмалку подготвен од финансии во врска *со* парите од Телеком. Сите министри директно учествуваа, па незнам, да не претерам ама 15-20 седници се дискутираше за ова прашаље. Јас не можам сега да му кажам на министерот за транспорт и врски дека некој пат не треба да се гради а треба да се гради некој водовод некаде, или дека тоа е помалку важно или ова е повеќе важно, затоа што тоа се проекти кои што произлегуваат од министрите од Владата како ретко досега. Навистина имаше големи дискусии итн. Ако го повлечеме ова сега, значи прво до крајот на годината многу е мала веројатноста, тука мислам дека ќе се сложат и другите затоа тшо ќе се врати во Влада, додека се в рати во Парламентот, па во парламентот повторно дискусии, повторно ќе ги има расправитие дали во Виница, или во Кочани, дали во Струмица или во Охрид, тоа е неизбежно и тоа е природно на некој начин, природни реакции се на пратеници нешто такво да бараат. Меѓутоа, ќе дојдеме сигурно до нарушување на макро економската рамка, затоа што се планирани 100 и нешто милиони марки инвестиција. Ние живееме во услови кога речиси сите странски инвестиции ја напуштија земјата, домашните инвеститори ги пролонгираат своите инвестиции. Тоа има сигурно влијание на индустриското производство на потрошувачката итн, што негативно влијае и ќе доведе до поголем дисбаланс на стоковите и паричните фондови што може уште понегативн од сегашната состојба да

се одрази на земјата. Уште еднаш ќе повторам, свесен сум на сегашната ситуација, дури еве чув дека денеска има и нови негативни моменти. Мое мислење е дека треба да продолжиме со амандманите и денеска треба да го усвоиме ребалансот. Доколку настаните во земјата се одвиваат навистина екстремно лошо, многу полошо од ова што е сега, а такво нешто е можно како што слушнав, во тој случај едностанво на некои места нема да може да се градат проектите и тие проекти после ќе бидат пренаменети повторно преку Парламентот, сега да кажеме на некоја територија ако започне војна и до крајот на годината се води војна, природно е дека на таа територија нема да може да се гради и парламентот повторно ќе расправа каде да се пренасочат парите или ќе се чека некоја друга можност.Инаку, парите не се даваат адхок, да речеме Министерството за транспорт треба да гради пат таму и таму и ние веднаш му ги пуштаме парите, па кога ќе гради, ќе гради. Парите се доставуваат од трезорот по добиена ситуација и ќе се вршат дури и контроли до каде е работата, затоа што може некогаш и ситуацијата,што ќе ја добиеме написмено да не одговара на реалната состојба. Затоа обврзани сме дури и од странските институции да вршиме контроли до каде одат работите со градењето и кога да се пуштаат парите. Сакам да речам дека ќе има голема контрола и следење, мониторинг на сите овие работи и конечно беше споменато дека парите да се префрлат во стокови резерви итн., сакам да ви кажам дека Владата мислеше и на тоа, мислам се создаваат и создадени се резерви и земјата во последните две години ги дуплираше девизните резерви од 350 милиони на 700 милиони. Точно е дека нешто од нив сега се намали во одбрана на валутата. Меѓутоа имаме доволно средства доколку треба да се финансира нешто. Така што треба да се гледа на сите аспекти, бидејќи враќање на нова макро-економскма работа е огромна работа, новата ќе биде секако многу полоша понепријатна за граѓаните, а сепак мислам дека овие средства нема залудно да бидат потрошени и нема да се доведеме во ситуација да немаме пари за одбрана на земјата.Мислам, сосема го респектирам ова што го кажуваше г-дин Поповски, но треба сите страни да се погледнат за да се добие една покомплетна слика која што мислам дека дава поинакво светло.

**ЗВОНКМО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани пратенииц, има тројца пратеници што се пријавени веројатно е деловничка интервенцијата. Инаку, дискусијата е завршена, е расправата и претресот по амандманот. Дојдени сме во фаза на поединечно гласање. Ве предупредувам за да не се пролонгира непотребно во повеќе дискусии, да се повлечете, ако не е вашата деловничка интервенција и да одиме понатаму се изјаснувањето по однос на амандманот.

**РИСТО СПАНАЌОВ:**

Почитувам потпретседателе, почитувани членови на Владата почитувани колеги пратеници, јас како координатор на пратеничката група Нова Демократија морам да кажам неколку работи. Мислам дека се повеќе процедурални за да немаме недоразбирање понатаму. Имено, се ставаме во една навистина незгодна ситуаицја кога најголем дел од амандманите кои што се овде поднесени се однесуваат на делот на средствата од продажбата на Телекомот.Мислам дека најголемиот дел на несогласување на колегите пратеници се токму во тој дел. Додека за овој првиот дел всушност и нема многу забелешки во делот на она што треба фактички да претставува ребаланс на буџетот. Јас потполно ја разбирам дискусијата на г-динот министер и навистина е во право, во оној дел каде што се раоботи да кажаме за армијата, за полицијата итн. Меѓутоа, во делот на распределбата на средствата од Телеком навистина сме ставени во една подредена положба и сега буквално речено сме обусловени да не знаеме што да направиме, дали да го гласаме целиот ребаланс на буџетот, или да гласаме да кажеме по одделно за одредени сегменти. Влегуваме во амандманска расправа за која што навистина најголемиот дел од амандманите се точно во тој сегмент и навистина се ставаме во една многу незгодна ситуаицја. Така што јас морам да ви кажам дека како пратеничка група на Нова Демократија го изнесовме и ставот, доколку не се направи прераспределба на средствата од Телекомот на начин како што тука пратнениците ќе го изгласаат како амандмани, пратеничката група ќе гласа против ребалансот на буџетот. Така што ние можеме да продолжиме, меѓутоа би била безпредметна во одредени сегменти расправата по тој однос. Продолжете како мислите господине потпретседателе, ние сме тука ќе учествуваме во расправата, но дефинитивната одлука ќе зависи веројатно од одредени други работи.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Јас освен тоа да ја водам седницава и освен тоа да се однесувам онака како што

налага Уставот и Деловникот, немам никакви овластувања, моите права се исти како и на сите пратеници.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Деловнички во врска со оваа дискусија која се разви сега. Уште во уводното излагање кога ја имавме општата расправа по буџетот. Споменав јас и неколку други пратеници дека ситуацијата во Република Македонија налага малку поинаку да се однесуваме, не да трчаме по настаните, туку на некој начин да ги предвидуваме. Јас се согласувам комплетно дека барем што се однесува до средствата од Телеком т.е. споменавме израз, да ги замрзнеме итн., да не се распределуваат воглано по барања за водоводи, патишта итн., е далеку од тоа дека не се потребни. Мегутоа, она што секојдневно се развива ситуацијата да речам на полошо, не е лошо да ги предвидуваме настаните и да имаме една извесна резерва на средства на пари, не да посегнуваме по девизните резерви, туку ова што сега во моментов го имаме како резерва, бидејќи тие средства можат да се употребат навистина многу покорисно во поглед на безбедноста на државата. Затоа и јас би апелирал, ако е можно министерот да направи една ревизија би рекол да го корегира во овој сегмент буџетот за да можеме потоа да расправаме чисто по буџетот и да можеме да го овозможиме она што е потребно и на безбедносните сили и на сите оние кои чекаат средства од буџетот, да можеме да го изгласаме буџетот, меѓутоа, овој дел да го оставиме за резерва.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Јас сакам да потенцирам уште една работа, може би ја пропуштив пред малку.Дури и да влеземе во пожестока војна од оваа што ја имаме сега, стопанството мора некако да функционира, некој мора да ја финансира таа војна. Овие проекти допринесуваат, не велам дека тие ќе го финансираат, но допринесуваат за подобро стопнство, затоа што наши градежни фирми ќе градат, наши компании ќе инвестираат, наши компании ќе набавуваат, ќе препродаваат итн., ќе влијае на мало заживување на економијата. Повторувам, во услови на најтешки моменти да ни дојдат на војна, таа војна некој мора колку, толку, на некој начин да ја финансира и да се преживее таа војна. Затоа е важно да се мисли и на економијата и на стопанството и во овие моменти .Немојте да кажеме, тоа што е сега за одбраната на земјата да го изгласаме, ова другото што е за инвестиции, не е важно, може и понатаму, или вака, или онака, мислам има логика и во сето тоа што се кажува тука, меѓутоа, сепак треба да се мисли малку и на стопанството. Како и да е овие пари ќе бидат позитивно примени во стопанството.И ќе дадат позитивни резултати, Немојте тоа да го заборааваме.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине потпретседателе, јас мислам дека проценката во врска со проекцијата на ребалансот на Буџетот на Република Македонија во моментот кога е правена и денес кога еве расправаме има голема дискрапанција помеѓу реалните состојби во државата и потребите, приоритетите на државата на Република Македонија. Јас сум многу благодарен што еве на некој начин инцидентно се отвори оваа дискусија овде на почетокот на денешната седница, мислам дека самиот министер и Владата треба да побараат интервенција овде во врска со овој проект, затоа што ние не можеме на поинаков начин да се однесуваме пратениците, ако овој проект веќе ни е презентиран во ваква проекција како што ни е презентиран сега. И нормално, амандмански кој од политички причини кој од други локални потреби итн., секој кој ги застапува интересите, нормално мора да влезе во демократска процедура овде да ги каже своите потреби од теренот од каде што доаѓа. Но, верувајте најмал збор е ако сакам да кажам дека тоа делува малку невкусно после најновата ситуација што е во Република Македонија.

**НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ**: (продолжение)

Министерот овде изнесе проекција дека и во условина војна да кажеме во Република Македокија, стопанството треба да функционира, треба да има инвестиции и треба да се проектира и таа работа. За жал, јас не го делам тоа мислење со министерот, затоа што тоа нема да биде војна, туку ќе биде граѓанска војна, многу гнасна работа, каде што нема да функционира ништо и треба голиот живот да се преживее на граѓаните во Република Макеоднија. За жал, состојбата сега е таква.

Јас уште еднаш апелирам да се најде моделитет, на некој начин да излезе од оваа позиција во која се наоѓаме ние како Парламент, а во целата ситуација мислам заедно, и Владата и граѓаните на Република Македонија. Смешно е овде да расправаме сега, недозволиво и недопуштливо е да расправаме за распределба на средства за некоја надежна иднина, кога во основа се загрозени во темел безбедносните состојби во Република Македонија.

Јас лично предлагам и лично сметам дека има два патишта. По нормалниот е

Владата на некој начин, односно еве министерот како претставник, да го повлече овој проект за момент, за час и пол или два, да се преиспита ситуацијата околу распределбата на овие средства и да отпаднат овие брдо на амандмани, за кои ќе ни требаат уште два дена во демократска процедура да ги поминеме. Да го донесеме проектот на ребалансот на Буџетот заради безбедносните потреби, што во основа и во образложението е кажано дека за тоа расправаме.

И вториот пат според мене би бил, координаторите на пратеничките групи да побараат пауза од 20-30 минути, да се даде можност на министерот да каже, да ги погледне тие брдо амандмани, дел од тие што ги усвојува да каже кои ги усвојува, а за другите да се договорат пратеничките групи да ги повлечат. Мислам дека на таков начин ќе се постигне ефикасност, ќе се постигне главната цел за донесување на ребалансот на Буџетот, да се задоволат приоритетните потреби за безбедноста на Република Македонија.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам г. Стојановски.

Почитувани колеги пратеници, станува збор за широка коалициона Влада. Овие проекти сигурно дека се разгледувани на Владата, а овој куп амандмани што се наоѓа пред мене е предложен од нас пратениците. Ваквиот однос кон овие амандмани и кон претресот на амандманите на одделни пратенички групи, денес кога расправаме е завршена општата расправа по текстот на ребалансот на Буџетот. Сега ги разгледуваме амандманите. Дали тоа значи дека СДСМ или ВМРО-ДПМНЕ или ВМРО-Вистинска негативен однос ќе има кон овој ребаланс на Буџетот, тоа не може сега да биде предмет на работа на ова Собрание. Сепак, Вие сте презентирани, секоја политичка партија е презентирана со одреден број на претставници во Владата. Ако во Владата се исхристализираат овие работи, мене ми се чини дека нема да се префрли топката во Собранието, тука сега да се расправа на оваа тема.

Немам право да оценувам како одредени колеги гледаат на ребалансот на Буџетот, особено во однос на дистрибуирањето на средствата од продажбата на Телекомот, меѓутоа, исто така немам намера оваа седница да се претвори во место каде што ќе се разгледуваат работи кои веќе се усогласени на самата Влада.

Затоа, јас предлагам сепак во рамките на политичките партии уште еднаш, бидејќи треба овој ребаланс на Буџет да го изгласаме доколку се договориме и доколку постои волја на пратениците, затоа, ако мислите дека е потребно да се направат дополнителни консултации, Ве молам преку вашите претставници овде известетеме. Инаку, во спротивно јас морам да ја водам седницата според Деловникот и според овој материјал што го имаме тука за продолжението на 78-та седница.

Господине Ѓорѓи Котевски, процедурално барате збор, или?

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Ќе ви кажам на говорница.

Почитувани пратеници, со оглед на тоа како почнавме да работиме за ребалансот на Буџетот и ако бараме некое дополнително усогласување или прекомпонирање на ребалансот на Буџетот, ние како што сме ефикасни, како што не дал Господ, можеби и до наредната година и до некоја втора или трета состојба во Република Македонија ќе не дочека.

Некој од пратениците истакна дека ние формиравме широка коалиција "Сите во одбрана и заштита", СВОЗ, таа Влада треба да ја почитуваме. Тие имаа породилни маки за да го донесат овој ребаланс на Буџетот, а таа Влада се преточува преку нас како пратеници. Токму заради тоа, заради ефикасност, да не должиме бидејќи не гази времето и бидејќи состојбата во државата е алармантна, предлагам сите амандмани да се повлечат од сите политички партии и пратеници и да го донесеме ребалансот на Буџетот како широка коалиција.

Меѓутоа, еве Гештаковски ме потсети, овде доаѓа една друга состојба. Господине Гештаковски, вие бевте крвни непријатели за продажбата на Телеком и сега повторно сите или тие што на некој начин најмногу не критикуваа бараат повторно пари од Телекомот, мислам во ребалансот на Буџетот. Да го затвориме тоа прашање, да ја закопаме таа секира, повлечете ги сите амандманите и да го изгласаме ребалансот на Буџетот, за да можат институциите на државата буџетски да функционираат во ваква состојба во каква што е Република Македонија. Тоа е најдоброто соломонско решение. Мислам не е најпаметно, но е најдобро во овој миг. Јас тоа предлагам, да излеземе од катакомбата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам г. Котевски.

Почитувани колеги, збор побараа господата Илија Илоски, Никола Поповски и Петар Гошев. Ќе продолжиме да работиме по амандманите, или?

**ИЛИЈА ИЛОСКИ:**

Процедурално ќе зборувам во контекс на ова.

Со една кратка дискусија би сакал да помогнам во оваа замрсена ситуација во која влеговме, ако може некако да се одмрси.

Јас имам поднесено четири амандмани и се согласувам во контекст на ова што некои колеги претходно говореа да ги повлечам тие амандмани и да го искажам мојот личен став. Зошто би го направил тоа?

Ако се сеќавате, уште кога беше парцијално поднесен ребалансот на Буџетот за расправа, само околу средствата на буџетот добиени од продажбата на Телеком, тогаш јас лично и во име на пратеничката група инсистирав минимум од една причина тој ребаланс да се врати повторно на расправа на Влада. Таа причина беше една единствена, тогаш, сега дополнително ќе кажам уште една. Значи, тогашната причина беше првобитно кога расправавме по овој материјал, во меѓувреме откако средствата веќе беа распределени на Влада по ресорните министерства дојде до формирање на широката коалициона Влада и рековме минимум коректно е од новите партнери на Владата во новонастанатата ситуација да се врати тој ребаланс на буџетот од продажбата на средствата на Телеком да се расправа во новиот состав на Владата, бидејќи новите министри би имале минимум промени и сугестии во таа примарна распределба на средствата од продажбата на Телекомот. Тоа не се направи и сега како кукавичко јајце истиот материјал се залепи за генералниот ребаланс на буџетот, каде што сите сме свесни никој од нас овде нема да гласа против еден таков ребаланс, каде што доаѓа до драстично зголемување на средствата во двата одбранбени ресори во државата, односно Министерството за внатрешни работи и Министерството за одбрана.

Меѓутоа, г. министре, вам сега еве ви се пружа прилика, бидејќи сега ја имаме предвид и најновата безбедносно-политичка ситуација, ви за ви неуспешниот политички дијалог што до вчера требаше да заврши успешно и незнаејќи го натамошниот развој на настаните во Македонија, вие имате најубава прилика сега како министер кој е надлежен да го повлечете овој дел од ребаланстo на Буџетот, тоа да го направите на оваа седница, а за останатиот дел од ребалансот на Буџетот да се договориме, за пет минути една координација би ја завршила работата, и да го изгласаме тој ребаланс, што во суштина во никој случај на некој начин не би се нарушила безбедносната ситуација во земјата, имајќи предвид, како што спомнавте и самите, дека поголем дел од средствата во двата безбедносни ресори се веќе истрошени.

Меѓутоа, во никој случај нема да се согласиме овде и да ви "именуваме" некои гревови што во претходниот период ги имате направено, бидејќи за волја на вистината треба да се спомне и вашето длабоко инсистирање во пакет вака сето да помине, наводно, тоа го правдате со некои економски резони од аспект на тоа дека се зголемува агрегатната побарувачка, се зголемува економскиот развој во државата за висина од 150 мил. марки, што би се пуштиле во промет интерно меѓу стопанските субјекти во државата преку изградба на локална инфраструктура. Мора да признаете дека дел од средствата, барем она медиумски што следиме веќе се и потрошени и вие сега отпосле ... Еве јас ќе ви посочам неколку примери дека тоа е направено, на локално ниво знам неколку проекти кои се завршени, а се влезени во овој список на финансирани проекти од продажбата на Телеком. Во зградата "Бетон" веќе е преселена државната администрација, значи таа е на државната администрација, само треба да се именуваат овде 10 мил. марки, да се плати, потоа дел од Академијата е започната со изградба, дел од локалните патишта овде што ги имаме на список се веќе или во фаза на тампонирање или во фаза на асфалтирање. Значи, ние треба овде да ја пикнеме главата во песок, како што спомна еден колега и со филозофијата на нојот да не гледаме ништо што ни се случувало и едноставно да именуваме. Меѓутоа, еве и тоа нека не биде пречка, воопшто никакви процедури за такви гревови кои сте ги направиле нема никој да покренува, имајќи ја предвид безбедносната политичка ситуација.

Затоа е најпогоден момент за кратко, за пет минути да ја прекинеме седницата, да го повлечете пакетот на ребаланс во висина од 130-140 мил. марки од средствата од Телекомот, со останатиот дел да влеземе во салата да го изгласаме ребалансот на Буџетот, бидејќи никој не е против зголемувањето на износот на средствата во двата клучни сектори за безбедноста, а за другиот дел да се договориме да имаме барем минимален период на замрзнување, имајќи ја предвид ситуацијата и развојот барем во наредните

неколку денови или недели, затоа што не е пријатно после 15 дена да кажеме дека парите се потрошени, префрлени се и дисперзирани се по одредени носители врз основа на овој ребаланс. Меѓутоа, да не доаѓаме во едни такви незгодни ситуации, па после да разговараме дека треба да ги дадеме сите тие пари или можеби половината за подигање на стоковните резерви на Рапублика Макеоднија, да се обрне посабно внимание врз состојбите на резервите во здравстваните институции во Република Макеоднија. Мислам дека ова е најдобра прилика, еве, да ја прекинеме седницата, да го извадиме овој дел од целокупниот пакет, ние да покажема доблест како пратеници кои ги штитиме локалнита интереси на единиците кои не бирале, да ги повлечеме комплетно сита амандмани и да ја завршима работата за многу краток период.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Господине Илоски, јас се извинувам што морам да интервенирам, меѓутоа, расправата по претресот по текстот на ребалансот на Буџетот е завршена. Сега работиме по амандманите. Дали вие како пратеничка група, вашата пратеничка група сакате да се прекине садницата, вашиот координатор нека го каже ставот на пратеничката група, или барате други консултации. Тука разбирам даловничко интервенирање. Јас мислам дека сите пратеници ќе се согласат дека ова не е во рамките на деловничка интервенција.

Збор бара координаторот на пратеничката група на СДСМ. г. Никола Поповски.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Барам збор како пратеник а не како координатор.

Господине министер, јас упатувам на тоа вие да го повлечете делот од ребалансот кој *се* однесува на средствата од Телеком, а не на средствата кои се наменете за безбедноста и одбраната. Напротив, мислам дака треба да се пренасочат и дел од овие средства во таа сфера.

Вие ги повикувате пратениците да ги повлечат своите амандмани. Јас отворено ве прашувам, што е во овој момент за Македонија различно од вашиот амандман за Амбасада во Сараево, лозов саден материјап, пат да не кажам од каде до каде, систем на радио врски за Трета програма, водовод незнам каде и да не набројувам, паркови незнам каде. Во суштина, што е разлика меѓу вашиот предлог и предлогот на пратениците.

Ние не сме понеодговорни од Владата, апсолутно. Апсолутно ви тврдам дека овој Парламент треба да биде и поодговорен во овој момент. Зошто ни велите повлечете ги сите ваши амандмани за вашите патишта, а во исто време да ги прифатиме вашите амандмани кои се за истата намена. Не салата во Виница, туку салата во Куманово да се прави. Што е разликата г. министре во вашето уверување ние да ги повлечеме нашите амандмани? Што е разликата? Тука нема воопшто разлика. Поентата е иста, тие 200 мил. да одат во спортска сала или да одат за парк во некој град во Источна Македонија или да одат за некој селски пат и водовод или да одат за изградба на телевизиски предавателски мрежи или за некоја амбасада, и ако го имате вие правото во овој момент за Македонија да му предлагате на Парламентот таква структура на распределба на парите од Телеком, тогаш апсолутно е легитимно правото на пратениците наместо патот од "икс" до "ипсилон" да го бараат патот од "а" до "б". Нема разлика во тој пристап, само е разлика во некој ситен детал. Токму затоа вие не можете да барате од пратениците да се повлечат од тие проекти, а вие ги нудите истите, само малку поинакви. Се работи за истата суштина, дека вие инсистирате во овој момент тие пари да се трошат натаму.

Јас не сакам да звучам премногу песимистички, но г. министер се повикува на девизните резерви кои биле 400 мил. долари или марки, не е битно што се. Јас отворено ве прашувам г. министре, зарем вие како министер заедно со гувернерот не калкулирате со можноста само по еден месец откако нешто може да се случи дека тие наши девизни резерви, како што се лоцирани по банките валутно на домицилната валута нема да бидат 80% во истиот момент со одлука на некои меѓународни организации или билатерални одлуки блокирани затоа што во Македонија е војна во која девизните резерви нема да можат да се трошат во нечија страна во таканаречена граѓанска војна. Дали вие калкулирате со фактот дека вашите девизни резерви може вака да ги снема, да речат се блокирани до понатаму. Какви се тие девизни резерви? Тие се распредлени таму каде што ќе се блокираат веднаш.

Еве јас отворено г. министре прашувам, нека е најнепријатното прашање кога веќе се отворени седниците. Дали во оваа држава со ребалансот е

побитен сега некој пат, некоја амбасада, некои археолошки локалитети или некое поплочување на улица или е побитно да размислиме дека може би од најнормалната ситуација во Македонија со редовните резерви нам на пример ни требаат уште за 100 илјади или 150 илјади хируршки интервенции, хируршки конци, анестетици да се набават веднаш. Дали некој размислува во оваа држава дека нам можеби ќе ни затребаат за сто двеста илјади хируршки интервенции, конци, анестетици на залиха да ги имаме во стоковните резерви. Или кога ќе дојде работата тогаш ќе почнеме да го прекинуваме дотекот на пари кон амбасадите, кон археолошките локалитети и патиштата и да ги пренаменуваме.

Она што ние го говориме е дека сега е моментот овој проект со анексот за Телеком така како што е распределен да се размисли и да се повлече. И апсолутно се согласувам со пратеникот Стојановски, кога се работи за некои побазични вредности на човекот ние не можеме да размислуваме дека со изградба на градежни работи ќе го поттикнуваме стопанството, а ние не можеме да се договориме како да ги заштитиме основните потреби на граѓаните во Република Македонија, ако нешто затреба. Да не набројуваме непријатни работи. Ние сме како пратеници по Уставот, извинете г. Котевски апсолутно не ја прифаќам вашата логика дека Владата знае што прави, ние не знаеме што правиме. Буџетот го донесуваме ние со исто толкава, ако не и поголема одговорност од Владата. Ние сме тие кои треба да кажеме, дајте, одоговорете ни сериозно, дали создаваме некакви резерви и трошиме при каде што треба или каде што не треба. Сега ние ќе ги повлечеме, патот да не биде од Лисиче до Аеродром, да биде од Карпош до Бардовци. Тоа е сосема истата логика, зошто да ги повлечат пратениците, а зошто да остане кај министерот таа логика. Нема логика во тоа. Се работи за нешто многу посуштествено. Нека се повлече Министерството еден два дена, нека ги повлече сите позиции од Телеком. Тоа треба компјутерски да се работи, брзо ќе се направи во Министерството. Нека се повлече целиот износ во буџетот што е прилив од средствата од Телеком и нека остане буџетот со сите дополнителни позиции за финансирање. Инаку, тие преговори со ММФ за тоа како ќе се развива, прво, тие преговори како што вие кажавте ги правевте со варијанта два месеци, еден месец, три месеци, примирје ќе се потпише и не знам што.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:** (продолжение)

Сите тие паѓаат во вода г. министре и затоа мислам дека е многу добро државата, а во овој момент ние треба да го гласаме тоа. Ако не вовлечете во позиција да мора да гласаме ...

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам, според Деловникот 5 мин., истече вашето време.

Има повеќе пратеници што се јавија деловнички да интервенираат. Еден од нив е пратеникот Петар Гошев.

Има збор г. Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Јас во рамките на расправата процедурално сакам да кажам неколку реченици.

Кога сме кај одговорноста на Владата и на Парламентот малку се разликувам од мојот пријател Никола. Мислам дека подеднакво во овој период покажаа голема одговорност и Парламентот и Владата. Не е поодговорен Парламентот од Владата. Да беше поодговорен Парламентот од Владата многу личности во таа Влада на чело со премиерот не ќе беа во таа Влада повеќе, затоа што покажаа многу голема неодговорност во изминатиот период. Се надевам Никола нема да ми замери.

Второ, г. потпретседателе и другите што дискутираат, нас по колку време ќе ни треба да ја разбереме улогата на Парламентот и улогата и Владата според Уставотна Република Македонија. Мандатот ќе им заврши, не знаеме што е улогата на Парламентот, а што е улогата на Владата. Органот што ја избира Владата и што треба да бара отчет од Владата и што треба се што ќе предложи таа Влада да и претресе до буква, до запирка, итн., требало да молчи и да ги пушти тие луѓе таму да си се договорат и што ќе се договорат едноставно тоа треба Парламентот да го аминува. Да го укинеме Парламентот ако важи таа логика. Зошто земаме плата ние овде во Парламентот? Зошто? Што пишува во Уставот? Парламентот ја бира Владата. Парламентот ја разрешува таа Влада, Парламентот разрешува министри итн. Но, да не ја тераме таа работа и да не го.девалвираме уште повеќе овој девалвиран Парламент, или сите ние заедно да не се девалвираме уште повеќе, ако можеме повеќе од ова што досега сме направиле за тоа прашање во врска со нас.

Во врска со предлогот да се повлече, јас предлагам да се прекине расправата, да се изврши консултации апсолутно го поддржувам предлогот да се повлече расправата за распределба на средствата од Телеком. Зошто да се повлече? Затоа што многу влади во светот, а мислам дека нема ниедна влада во светот која што не би сакала да и се укаже прилика да концентрира средства, да и се собере поголемо купче на пари и со некое поголемо купче на пари да направи некоја поголема работа, да изведе некој проект со што таа влада ќе биде одбележана за време на нејзиниот мандат и од кога ќе и заврши функцијата да каже ние направивме тоа и тоа и што граѓаните ќе го забележат тоа. Многу влади, и малку влади, малку влади има што некое купче пари собрано по некој основ би сакале да го дисперзираат и од него да не се види ништо. Од ваквата дисперзија нема да се види ништо.

Во оваа ситуација ваков предлог би бил добар за една политичка групација, за една влада која што ќе оди на избори, или се спрема за избори па сега тие парички да ги подели на своите министри претежно концентрирани по линијата на една политичка групација и тие да си направат по некои задужбини патче, чешмиче, централиче, спортска сала итн., за да можат да се пофалат пред нивните избирачи. Меѓутоа, ние сме во исклучително неизвесна ситуација. Дали на ваквиот начин ќе им се радуваат на некои пратеници таму и ќе можат да им се фалат на граѓаните на нивните изборни единици, затоа што тие за своето мало направиле некое патче или некое чешмиче. Големо прашање е дали ќе има избори, дали ќе ја сочуваме државата.

Според тоа мислам дека овие средства треба да се сочуваат. Аргументите на министерот дека со тоа ќе се нарушат некои макро економски агрегати со овие 150 до 170 милиони германски марки не држат односно нема ништо да се разруши. Напротив, макроекономската рамка ќе може подобро да се одбрани ако овие средства се тргнат малку на страна и ако се процени потоа како треба да се интервенира со овие средства.

Од тие причини јас сакам да го поддржам предлогот за повлекување на овие средства. Да не претскажуваме сега апокалитични сценарија. Никола почна со нешто такво. Да не дискутираме пред јавноста, да не ги заплашуваме уште повеќе луѓето. Пари на државата ќе и треба за многу поважни работи. За многу, многу поважни работи. Советот е, сугестијата е, сочувајте ги тие пари.

Ако не го прифатите тој предлог нам, на поединци, може да ни остане само да не гласаме за таквиот буџет. Владата мислам дека има интерес да и помине ребалансот на овој Буџет. Има интерес. Нека се пребројат сите што безрезервно ќе го поддржат овој предлог на расцепкување, на распрчкување на тие пари и другите што нема да го поддржат овој ребаланс на Буџетот. Потоа нека се подразмисли што да се прави.

Има и друго крупно прашање.

На овој начин државите повеќе не делат средства. Комплетната процедура на евалуација на проектите апсолутно е промашена. Во ниедна пазарна економија министрите не си прават списоци за проекти...

(реагирање на некои пратеници во салата).

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Се извинувам г. Гошев, но времето помина.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Има луѓе на кои што се им е јасно, има луѓе кои што нема потреба да размислуваат воопшто и тие што имаат таква потреба не мора ништо да размислуваат. Не мора ни да дискутираат, нека гласаат за нивните шефови што им предложиле, нека не се секираат, јас не им навлегувам во тоа нивно право.

Јас моето право да размислувам и да дискутирам нема да му го отстапам на никој затоа што некој е нервозен, нестрплив, затоа што можеби инспланирал некакви акции, активности во врска со парите на државата и во врска со парите од народот. Затоа, ако министерот не го повлече предлогот за парите од Телеком, не за другото, јас нема да гласам за Буџетот. Дали мојот глас му треба на министерот во бројката од 61 нека си пресмета.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Расправата е завршена колеги. Има пријавено уште четворица пратеници.

Дали сите процедурално барате збор.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да, процедурално.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Знам дека сите барате процедурално збор, меѓутоа прв за збор се јави пратеникот Златко Стојменов.

Дали е процедурално.

**ЗЛАТКО СТОЈМЕНОВ:**

Да, процедурално е.

Јас сметам дека процедурате денес во старт беше нарушена, бидејќи на мала врата влегоа две теми на сред гласање, односно темата која ние ја предлагаме најмалку три месеци како пратеничка група да се зборува за безбедноста и безбедносните проблеми во државата, а која не е прифатена од Парламентот.

И, од сите досегашни дискусии мој впечаток е дека се чувствува одговорност од пратениците дека таа тема лебди над нас, а пратениците не реагираа во минатото соодветно на тоа и од тоа не може да се избега. Така да на мала врата денес се зборува за таа безбедност, за подготовка за безбедност, за некои воени материјали и слично и јас сметам дека за тоа треба да расправа Парламентот, меѓутоа под друга точка..

Се согласувам од името на пратеничката група од ВМРО Вистинска дека парите од Телеком, втората работа која се провлече на мала врата е пак општа дискусија за ребалансот на Буџетот. Многу од процедуралните работи се предмет на општата расправа, а во општата расправа кажавме дека не сме задоволни прво од тоа дека не се прикажуваат сите средства дојдени од Телекомот во Буџетот и друго тотално незадоволство од распределбата од парите на Телекомот. Кога таа тема е овде ние ја поддржуваме идејата да се повлече тој дел од ребалансот на Буџетот.

Најмногу морам да протестирам за барањето за повлекување на амандманите, бидејќи ние како пратеничка група сме предлагачи на голем број на амандмани. Тие амандмани се предложени затоа што навистина не се согласуваме со некои аспекти во Буџетот, кои ги кажавме во општата расправа по Буџетот и мислам дека на сред гласање не е коректно да зборувам, меѓутоа, морам да протестирам за два моменти.

Ова е Парламент на Република Македонија и нашата пратеничка група и секој од нас пратениците легитимно ги даде тие амандмани и воопшто не можам да го сфатам министерот што не знае кое е уставното место на Парламентот. Прво бараше пратениците да свикаат парлемент незнаејќи дека според Уставот тоа го прави претседателот на Собранието, а сега бара расправа, само да гласаме за Буџетот на Републиката. Навистина е жално што негов гласноговорник е приучениот поет, а тотално некомпетентниот директор на Телеком во Битола, г. Котевски. Немам против ништо лично, меѓутоа тоа е реакција ...

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Господине Стојменов, Ве молам ако имате нешто процедурално?

Има збор предлагачот на амандманот Горанчо Трајков.

**ГОРАНЧО ТРАЈКОВ:**

Почитуван потпретседателе, би сакал да ве известам дека го повлекувам мојот предлог за поединечно изјаснување во интерес на времето и да излеземе од оваа ситуација.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г. Трајков.

За збор се имаат пријавено уште пратениците Љубисав Иванов и потпретседателот Томислав Стојановски.

Бидејќи предлагачот го повлече овој амандман дали и понатаму инсистирате продурално да дискутирате.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Да.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Има збор пратеникот Љубисав Иванов Ѕинго.

**ЉУБИСАВ ИВАНОВ ЅИНГО:**

Следејќи ја расправата во врска со ребалансот на Буџетот дојдое до заклучок дека сегашната влада не го предложила овој ребаланс и декг тој предлог потекнува пред да се направи оваа поширока коалициона Влада Ако е тоа така, ние расправаме за со ребаланс на Буџет кој не е предложен од поостоечка Влада.

Второ, од предлагањето на ребалансот на Буџетот досега се променија значително состојбите во државата, мислам на безбедносната состојба во негативна смисла, таа многу се усложни и од тие причини, а и кога се расправаше во општиот претрес во врска со ребалансот јас како и претходните колеги тогаш зборував за тоа дека се што е луксус и се што се непотребни инвестиции да бидат исклучени од ребалансот на Буџетот и предложив да се врати повторно да се врати, по гледа и во тој правец Владата да ни даде нов предлог. Меѓутоа, тоа не се прифати и ако е точно дека Владата не расправала по овој ребаланс на Буџет и дека состојбите се значително променети јас предлагам, тоа е процедурално, Владата уште еднаш, за тоа ќе ни треба ден или два, да го погледа

Буџетот и повторно да ни го предложи пред Собранието.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г. Иванов.

Има збор г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не сакам да говорам за ставовите што ги изнесоа некои колеги, туку сакам да говорам во смисла на Деловникот.

Кога ќе дојде фаза на гласање единствено што останува на пратеник е да се изјасни ако сака како ќе гласа. Меѓутоа, давање на предлози, анализи за вредност на ова или она, тоа се или во поединечниот дел додека се затвори расправата, или во општиот дел додека да се затвори расправата. Ова навистина е непродуктивно, и да не кажам "луда" работа. Ова оди надвор од процедурата која сами ја пропишуваме и заговараме.

Затоа ве молам г. потпретседателе во иднина ако не се однесува на процедурата која е запишана во Деловникот да се прекинуваат секакви говори. Јас не сакам ништо друго, ќе ми извините, господинот Гошев еднаш нека се провери што говори. Тој ако беше толку голем патриот му се даде можност да биде претседател на Влада тогаш сам побегна од таква одговорност и сега на други наоѓа мана.

Ова е надвор од Деловникот за кој говорам, меѓутоа, токму затоа што беше злоупотреба на Деловникот го кажувам тоа и си задржувам вакво права и за себе.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Почитувани колеги пратеници навистина од ова место овде никој нема, кој и да, однапред визија за што бараат збор пратениците.

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на дел на проекти на делот на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б поднесен од пратеникот Демуш Бајрами.

Го молам, претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Молам, дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ги молам колегите пратеници што се во моментов надвор од салата да дојдат и да пристапиме кон гласање по овој амандман.

Ве молам, да гласаме почитувани колеги.

(Сејфедин Харуни - нема 60 пратеници)

Во моментов немаме кворум за одлучување по амандманот.

Ги молам сите пратеници што во моментот се наоѓаат во фоајето да дојдат во салата за да продолжиме со работа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:** (продолжение)

Ве молам да го повториме гласањето.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници се присутни во салата.

Бидејќи нема доволен број присутни пратеници во салата, ги молам пратениците да влзат во салата, ако за пет минути не обезбедиме кворум ќе мораме да постапиме согласно на Деловникот.

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ве молам да притиснете на едно од копчињата на системот за гласање, да утврдиме дали имаме кворум за работа.

Констатирам дека имаме кворум и дека можеме да продолжиме со работа.

Ве молам да го повториме гласањето во однос на амандманот поднесен од пратеникот Демуш Бајрами.

Ве молам да гласаме.

Од 67 пратеници, шест гласале за, воздржани осум, против 53 пратеници.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 на дел од проекти на дел на Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-б поднесен од пратеникот Демуш Бајрами.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002, на делот на проекти на делот на Министерството за локална самоуправа, за додавање нов проект 143-а и во истиот раздел на проектите 045,060, 080, 088 и 105 поднесен од пратнеиците Томислав Стојановски, Чедомир Кралевски, Благој Стојковски, Драган Митевски, Ненад Ристовски и Филип Петровски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**:

Дали некој друг бара збор?

Збор има пратеникот Кралевски Чедомир.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Амандманот поднесен од групава пратеници се однесува на водоснабдувањето на градот Куманово.

Г. Куманово брои некаде околу 80 иљjади жители. Г. Куманово, би рекол и во нормални услови на егзистирање има проблем со водоснабдувањето и во нормални услови на егзистирање, бидејќи во градот дотекуваат околу 240 литри во секунда а за целосно намирување на потребите на граѓаните потребни се 350-360 литри во секунда. Уште повеќе состојбата се усложнува ако настанат вонредни услови како што е суша или не дај боже човечки фактор кога ќе ја земе работата во свои раце, па терористите кога ќе ги затворат вентилите на езерото што дава вода за филтер станицата во градот.

Сакам да кажам дека Куманово, во последнава година доживеа две водни катастрофи што можеа да предизвикаат многу лесно и хуманитарна катастрофа.

Еднаш причина беше природата, кога настана една провала на облаци и со голема количина на вода се замати езерото Липково, така што предизвика запушување на цевките и системот за водоснабдување. Градот мораше 10 дена да остане без вода и цела Македонија да се јави како солидарна, во такви моменти да помага на Куманово.

Втор пат се последниве месец дена кога вентилите ги затворij терористите и градот во најголема жега остана без вода.

Мислам не е потребно да трошам многу зборови да ги убедам колегите дека на градот е потребна алтернативна солуција во врска со водоснабдувањето, односно ископ на нови бунари за снабдување на градот преку пумпи. За да се избегне евентуално некоја нова состојба кога лесно може некому да текне на памет повторно да ги затвори вентилите на Липковско Езеро.

Би сакал да апелирам до сите пратеници да ја сватат сериозноста на оваа состојба и во името на сите 80 илјади жители на Г. Куманово, како оние кои живеат во ниските зони, така и во високите зони, Банево Трло, Н. Каропош кои и во нормални услови имаат тешкотии и со водоснабдувањето, да гласаат за овој амандман, со што на многу веродостоен начин и многу поопиплив начин ќе придонесат граѓаните на Куманово да имаат релативно нормално водоснабдување.

Уште повеќе ова го барам , бидејќи се работи за т.н. примарно третирање на водата, се бараат пари за водоснабдување, а се земаат пари од проекти што би рекол секундарно и терцијално ја третираат водата. Тоа се од одводни системи или канализациони системи во некои региони од држравата.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Ристовски Ненад.

**НЕНАД РИСТОВСКИ**:

Г.потпретседателе, дами и г-да,

Сакам да изјавам дека го поддржувам претходното излагање на г. Кралевски, бидејќи сите пратеници што сме од Куамново, без разлика на партиска припадност, следејќи го овој проблем што не е веќе чист проблем на населението, туку е безбедносен проблем , со што уценувајќи го целото жителство на г. Куманово терористите можеа и постигнуваа некои поени што се политички поени, а со реализација на овој проект, бидејќи еден дел од фазата е веќе надминат, тој нивни адут на уценување на голема популација луѓе може да им се избие од раце.

Бидејќи се работи за релативно многу мали средства во однос на она што ќе се постигне, би апелирал до сите пратнеици на овој амандман да гледаат од друга точка, од безбедносна точка, и со тоа би придонеле во одбраната на земјата, а не е ова само водоснабдување на една популација.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ**:

Има збор г. Томислав Стојановски.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Почитувани колеги,

Нема да ме сватите дека регионално сакам да го поддржам овој предлог, на што сум инаку потписник, овој амандман да најде место во измените на буџетот. Ова го правам чисто од стратешки интерес затоа што се работи за голем реон. Говориме само за г. 80 илјади жители. Меѓутоа, околината и другите корисниците од други општини кои имаат права и можност да го користат овој систем , се доведува во прашање со одлука на една неконтролирана личност или ум, да кажам повеќе и се уценување целата државе тоа е едниот дел.

Вториот дел, сакам да укажам на сегашната положба. Сепак и во овие моменти водата од Липковското Езеро, дотурот што одеше редовно се смали некаде на 50% од тоа  се даваше. Значи, се заговара нов начин, нови услови за уценување.

Поради ова сакаме да направиме уште една алтернативна можноса да се сузбијат лошите умови од лошо размислување. Да може да имаме издржана стабилност. Од името на моите колеги од Куманово, од името на граѓаните на Куманово, ги молам сега овдешните колеги нека го ова сватат како апел, повик за еден услов кога пратнеикот неможе да биде уценуван од невалидни уцени. Невалидна уцена е насилие, безобразие, оружје и сл. или негласање. Ве молам од таа причина овој амандман да го прифатите.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Поповски Никола.

**НИКОЛА ПОПОВСКИ:**

Г. потрептседателе, само пред 20-тина минути некои од пратениците дискутираа овде сите амандмани да се повлечат и дека Владата е одговорна и знае што прави и ние со ова не треба многу да се занимаваме.

Истите тие пратеници сега поднесуваат амандман, Владата го одбива и бараат од нас тоа да го гласаме. Значи, преестка Владата беше одговорна и знае што прави, сега кога го одбива амандманот за Куманово тие истите пратеници Владата не ја сметаат за одговорна па упатуваат на нас пратениците молба да ги поддржиме во нивните барања.

Сакам да укажам на нелогичноста во која влегуваме со расправа во моменти што не се за ваква расправа.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Ви благодарам г. Поповски, сепак вие можете да гласате за, против или воздржано за амандманот, а секако можете и да дискутирате колку сакате.

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Очигледно дека некој не гласал по амандманот.

Ве молам да го повториме гласањето уште еднаш.

Да го вклучиме системот и да гласаме уште еднаш.

Од вкупно 56 пратеници присутни во салата, значи немаме кворум, за амандманот гласале 16, воздржани 15, против 25 пратеници.

Ги повикувам службите да утврдат колку пратеници имаме во салата.

Бидејќи со пребројувањето од службите констатиравме дека во салата имаме присутни 61 пратеник, констатирам дека Собранието на РМ не го усвои амандманот на раздел 09002, на дел од проекти на дел од Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-а, и во истиот раздел на проектите 045, 060, 084, 088 и 105 поднесен од пратнеиците Томислав Стојановски, Чедомир Кралевски, Благој Стој-ковски, Драган Митевски, Ненад Ристевски и Фили Петровски.

Збор побара пратеникот Котевски Ѓорѓи.

(во меѓувреме пратеникот Чедомир Петровски бара збор процедурално).

Се извинувам г. Котевски процедурално во однос на амандманот предлагачот бара збор (пратеникот Горѓи Котевски се упатува кон говорницата)

**ЃОРГИ КОТЕВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Најсериозно, најодговорно од оваа говорница, гледате каква е состојбата и се наоѓаме како Парламент во мат позиција, нема да ПОМИНЕ ниту еден амандман.

Од мое лично име го дадов предлогот да се повлечат сите амандмани и да ја звршиме оваа мачна расправа и да продолжиме Владата и државата да работат како што треба. Ве молам од мое лично име, не од име од пратеничката група да ги повлечеме амандманите, да завршиме со расправата, затоа што имаме многу поважни, посуштествени прашања освен ова, што треба да се случат деновиве и да ја завршиме оваа рапсрава.

Благодарам.

**ЗВОНКО МИИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Кралевски Чедомир.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Повторно ќе кажам, во името на сите граѓани, на г. Куманово ја повикувам повторна совеста на секој од нас колегите пратеници и барам поддршка од 10 пратеници за усмено гласање по повод амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Почитуван г. Кралевкси, вие изразивте сомнеж во гласањеот.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Да.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Барате поединечно гласање.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Да.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали имате поддршка од 10 пратеници?

Бидејќи само седум пратеници го поддржуваат вашиот предлог за поединечно гласање, констатирам дека амандманот не поминал.

**ЧЕДОМИР КРАЛЕВСКИ:**

Благодарам.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандманот 09002 на дел од проекти на делот од Министерството за локална самоуправа за додавање нов проект 143-6 поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

Збор побара г.Аслан Селмани.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

За збор се јави пратеникот Аслан Селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Се работи за првиот амандман, а се однесува за изградба на мала акомулација во Лојане, со цел да се снабдува селското население од Лојане и Ваксинце, со преку 7 илјади жители. Овие жители скоро 30 години употребуваат не квалитетна вода за пиење,вода збогатена со арсен, отровна вода. За тоа постојат аргументи. Тие аргументи можеме да ги добиеме, а јас ги имам, од клиничкиот центар во Кумаово каде 80% од тоа население боледува од малигни и канцерогени болести. Владата уште од 1998 година го прифати проектот да се изгради браната. Дадени односно платени се 4 милиони денари. Од тогаш па досега не е поддржан овој проект. Затоа сметам дека единствен начин тоа население да се спаси од неквалитетна вода , е изградба на овој објект што навистина Ќе значи дека нешто се прави. Сакам да кажам дека во колонијата Лојане се сконцентрирани милион тони концентрат на арсен , антимон и хром. Од тоа чист арсенов оксид има преку 100 илјади тони. Тие води од првата хидростатичка зона се загадени. Затоа сметам дека овој амандман треба да се прифати, бидејки во наката веќе постои термин дека тие луѓе пијат загадена еколошка вода. Значи вршиме екоцилни проблеми во тој простор. Во тој правец Владата веќе има и заклучок дека тие активности треба да продолжат. За жал таа информација што е поднесена од пратеникот Селмани во Собранието на РМ, е прифатена, ставена е на дневен ред, од соодветните министерства има позитивномислење и јас се чудам зошто овојамандман сега не е прифатен односно зошто не се прифаќа. Тогаш незнам каде треба да се бара овој амандман да се прифати, дали во сократовото или во агамненовото Собрание.Ние мораме еднаш за секого да кажеме дека ова Собрание служи за граѓаните на оваа држава и дека екооцилните подрачја постепено треба да ги симнеме од дневен ред. За жал во РМ вакви екоцилни проблеми има околу десетина и за малку пари сме во состојба, како држава, да ги решиме, затоа што во краен случај рудникот Лојане влијаел да се гради и изгради градот Куманово и многу други општествени објекти во државата, а државата не била во состојба 50 години да врати ни еден денар во тоа подрачје. Барам совест од сите пратеници тука позитивно да гласаме за овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Благодарам г-дине Селмани.

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, амандманот го ставам на гласање.

Молам, да гласаме.

Немаме кворум.

Ги молам службите да пребројат колку пратеници има во салата.

Почитувани колеги, бидејки на самиот старт со работата , во продолжението на 78-та седница, имаме цело време проблеми со кворумот, и сме принудени да се бараме низ ходниците по Собранието, давам пауза до 15,30 часот. за ручок.

(По паузата седницата продолжи со работа во 16,05 часот).

Ве молам притиснете на едно од копчињата на системот за гасање да видиме дали имаме кворум за работа.

Констатирам дека имаме кворум за работа и можеме да продолжиме со работа.

Пред да продолжиме со работа сакам да ве известам дека претседателот на Собранието на РМ , г-динот Стојан Андов бара денес да работиме до 16 часот и 30 миниту, бидејки кај претседателто на РМ, г-динот Трајковски во една од салите што се блиску во салата во која ние заседаваме, требало да имаат состанок со лидерите на парламентарните политички партии.

Продолжувмае со работа.

Отворам претрес по амандманот на г-динот Аслан Селмани.

Застанавме кај гласањето.

Амандманот го ставам на гласање.

олам да гласаме.

Од 63 присутни пратеници за гласале 7, воздржани 10 и против 46.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002 , на дел од проекти , на делот на Министерството за локана самоуправа, за додавање нов проект 143-б, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Збор побара г-динот Аслан селмани.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

По можност барам да го добијам листингот затоа што скоро две години тука се фаиме дека сме и еколошка држава и дека жестоко се интересираме да ги решиме екоцилните подрачја.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Ви благодарам г-дине Селмани.

Говорам претрес по амандмнаот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална саоуправа, за додавање нов проект 143-б, поднесен од пратеникот Аслан Селмани.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој бара збор.

**АСЛАН СЕЛМАНИ:**

Амандманот се однесува на усвоениот проект за водоснабдување на село Липково и село Оризари.

Морам да кажам дека овие две села веќе 30 години доставуваат барање до соодветни државни институции и сеуште тој проблем не им е решен. Навистина е чудно и тоа е школски пример, како е можно село Липково да има само 500 метри од двете најголеми езера во тој дел на Македонија , а секлото да нема квалитетна вода за пиење.

Пратениците во Собраието мора еднаш за секогаш да сватат дека приоритет во оваа држава е водата , потоа доаѓа асвалтот и другите проблеми. Ние мораме да им пружиме основни услови на луѓето за живот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор?(Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 68 пратеници за амандманот гласале 11, воздржани 10, против 47.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот на раздел 09002 на дел од проекти на делот од Министерството за локална самоуправа, за додавање нов проект 143-б однесен од пратеникот Аслан Селмани.

Отворам претрес по амандманот 09002, на дел од проекти на делот од Министерството за локална самоуправа на проектот 143-а, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми.

Го молам претставникотна Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаЌа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од вкупно 63 пратеници, за амандманот гласале 7, воздржани 12, против 44.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандмнаот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправа,

на проектот 143-а, поднесен од пратеникот Фатмир Етеми. Отворам претрес по амандмнаот на раздел 09002 на дел од проекти на делот на Министерството за локална самоуправа, за додавање нов проект 075-а, поднесен од пратеникот Никола Јовановски.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандманот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Збор побара пратеникот Никола Јованов.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитуван г-дине министре, колеги пратеници,

Амандманот се однесува на докомплетирање на оделот за анестезија, реанимација во Битолскиот медицински центар.

Ова го барам од следните причини:

Како што е познато јапонската Влада додели помош на Медицинскиот центар Битола, донација, во вредност од 12 милиони марки. Дел од опремата сеуште стои немонтирана, токму заради тоа што овој оддел за интензивно лекување не е градежно дозавршен. Во два наврати доаѓаа претставниците на јапонската Влада да е уверат до каде е проектот за жал на двапати мораа и Медицинскиот центар во Битола и Република Македониај да се срамат бидејки не нашла засходно да инвестира околу 300 илјади марки, градежно да го дозаврши објектот, за да може да е инсталира толку вредната опрема која е доделена од јапонската Влада. Затоа сметам ,парламентот, сега во овој случај кога веќе министерот го одби амандманот апелирам до сите колеги да го изгласаат овој амандмна од проста причина да не зборуваме во случај на влошување на безбедносната ситуација , таквиот одел за интензивна нега и службата за хирургија какво значење би имале од безбедносен аспект, со сета таа опрема што воглавно се апарати за одржување во живот на тешко болни и тешко повредени.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збнор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Од 71 пратеник, за амандманот гласале 41, воздржани 14, против 16.

Констатирам дека Собранието го усвои амандмнаот на раздел 09002 на дел од проекти, на делот на Министерството за локална самоуправа, за додавање нов проект 075-а , поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002, ставка 427 подставка 427195 и на ставка 466 потставка 466093, поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Го молам претставникто на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандмна.

Владата подготвува закон за оваа намена и наскоро ќе се најде пред парламентот.

**ЗВОНКО МИРЧЕВСКИ:**

Дали некој бара збор.

**НИКОЛА ЈОВАНОВ:**

Познато ми е дека Владата донесе накаков закон кој ние сеуште не сме го виделе во парламентот, за обештетување на припадниците на безбедносните сили кои загинале и за повредените во текот на овие акции меѓутоа, морам да кажам дека амандманот беше направен пред таквата одлука на Владата, која мислам е донесена на претходната седница на Владата.

Јас се радувам што Владата донела таков закон, меѓутоа еве сега можност да ги резервираме, така да кажам, овие средства од Буџетот на РМ, со кои ќе може да се исплати еднократна помош на семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој бара збор?

Збор побара министерот за финансии, Никола груевски.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата во ситуации што беа напоменати, во случај на смрт и потешки повреди на бранителите на државата, издвојува од резервите на Буџетот за помош на семејствата на загинатите припадници на безбедносните сили. Од таа причина нема потреба од донесување на таков амандмна и ги молам пратениците да не го прифаќаат.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збвор? (Никој)

Бидејки никој друг не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Молам да гласаме.

Од 65 пратеници присутни во салата за амандманот гласале 32, воздржани 10, против 23.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на раздел 09002, ставка 427, потставка 427195 и на ставка 466 потставка 466093 поднесен од пратеникот Никола Јованов.

Отворам претрес по амандманот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Министерството за финансии на програмата 008 поднесен од пратеникот Горѓи Котевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ;**

Овој амандман се прифаќа од причини што кредитот се одложува за одредено време, бидјеки условите во земјата не го дозволуваат тоа и т.н.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Отворам претрес по амандмнаот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт, за додавање нов проект 059, поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Амандманот не се прифаќа.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Од 63 пратеници во салата, за амандманот гласале 6, воздржани 19, против 38.

Констатирам дека Собраниетоне го усвои амандмнаот на раздел 09002 на прегледот на проекти на делот на Агенцијата за млади и спорт, за додавање нов проект 059-а поднесен од пратеникот Слободан Даневски.

Отворма претрес по амандмнаот на член 3, раздел 33002 ставка 401 и ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристески.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој бара збор? (Никој)

Бидеки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме?

Од 63 присутни пратеници за амандманот гласале 6, воздржани 19, против 38.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3, раздел 33002 ставка 401 и ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Отворам претрес по амандманот на член 3 раздел 33001 ставка 401 и ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа амандмнаот.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот гоставам на гласање,

Ве молам да гласаме.

Од 69 присутни пратеници во салата за амандманот гласале 7, воздржани 20, против 42.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 33001 ставка 401 и ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Отворам претрес по амандмна на член 3 ставка 423 потставка 422029 и на потставка 423106 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ:**

Владата не го прифаќа овој амандмна.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејки никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандмнаот. Амандманот го ставам на гласање. Ве молам да гласаме.

Од 68 присутни пратеници за амандманот гласале 7 воздржани 20 против41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 ставка 423 потставка 422029 и на потставка 423106 поднесен од пратеникот ненад Ристовски.

Отворам претрес по амандмнаот на лен 3 раздел 30001 ставка 401 и ставка 73 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**НИКОЛА ГРУЕВСКИ;**

Владата не го прифаќа овој амандман.

**ЗВОНКО МИРЧЕСКИ:**

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Констатирам дека немаме кворум за работа

Ги молам пратениците да се вратат во салата

Ги молам службите да проверат колку пратеници има во салата.

Предлагам да го повториме гласањето по амандманот.

Ве молам вклучете го системот за гласање.

Од вкупно 66 присутни пратеници, за гласале 6, воздржани 19, против 41.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот на член 3 раздел 3001 ставка 401 и ставка 731 поднесен од пратеникот Ненад Ристовски.

Почитувани пратеници согласно барањето на претседателот на Собранието денеска да работиме до 16,30 часот заради состанокот на претседателот на државата со медијаторите и лидерите на парламентарните партии, ја прекинувам Седумдесет и осмата седница, а за продолжението ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина во 16,30 часот).